Врз основ на ОДЛУКАТА ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА ("Сл. гласник РС", бр. 29/2020), а поради спречување на епидемијата Covid-19 на територијата на градот Панчево, Градскиот штаб за вонредни состојби на градот Панчево, на состанокот одржан на 04 мај 2020 година донесе следна

**ОДЛУКА**

1. Се обврзува Јавното комунално претпријатие за превоз на патници „Автотранспорт – Панчево“ Панчево, од понеделник 04 05 2020 година да ги преземе сите потребни дејствија за организирање на јавниот градски превоз во фази, во склад со епидемиолошката состојба, а врз основа на Инструкцијата на Кризниот штаб за спречување на заразната болест COVID – 19 за организирање на јавниот градски, приградски и локален превоз, со примена на мерките за превенција, спречување на ширење и намалување на ризикот од болеста COVID – 19, 08 број 53-3455/2020-1 од 28 април 2020 година.
2. Јавното комунално претпријатие за превоз на патници „Автотранспорт – Панчево“ Панчево тргнува со обавување на својата дејност на јавен превоз на патници и тоа во меѓумесниот превоз и градскиот и проградски превоз за првата фаза: вработени лица, по исполнувањето на сите мерки предвидени во горенаведената Инструкција.
3. Обавување на дејноста на јавниот превоз на патници и тоа меѓумесниот превоз и градскиот и проградски превоз, за втората фаза (студенти и ученици), трета фаза (невработени, туристи, останати лица, вклучувајќи ги и пензионерите помлади од 65 години) и четврта фаза (пензионери постари од 65 години) ќе биде организирано кога за тоа ќе се стекнат услови, во склад со горенаведената Инструкција, а врз основ на препорака на надлежниот завод за јавно здравје.

РЕПУБЛИКА СРБИЈА
АВТОНОМНА ПОКРАИНА ВОЈВОДИНА
ГРАД ПАНЧЕВО
ГРАДСКИ ШТАБ ЗА ВОНРЕДНИ СОСТОЈБИ
Број: II-39-82-1/2020-68
Панчево, 04 05 2020

*КОМАНДАНТ*
*Саша Павлов*

Врз основ на ОДЛУКАТА ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА ("Сл. гласник РС", бр. 29/2020), а поради спречување на епидемијата Covid-19 на територијата на градот Панчево, Градскиот штаб за вонредни состојби на градот Панчево, на состанокот одржан на 04 мај 2020 година донесе следна

**ОДЛУКА**

1. Почнувајќи од понеделник 04 05 2020 година угостителските објекти на територијата на градот Панчево (ресторани, кафулиња, барови и слично), односно правните лица и претприемачите во областа на трговија на мало, којашто опфаќа продажба на храна и пијалок, односно пружање на услуги, можат да ја обавуваат дејноста на пружање на услуги на корисниците непосредно во затворен простор и во простор на организирани бавчи на отворено, со примена на сите превентивни мерки од влијанието на безбедноста и здравјето на вработените и корисницте на услугите, а посебно оние кои се однесуваат на ширењето на заразната болест COVID – 19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 (организирање на процесот на работата кој обезбедува одржување на социјална дистанца, односно меѓусебно растојание помеѓу две лица од најмалку два метра, обврзателна дезинфекција на алатот, машините и уредите за работа по пружањето на услуга на секој поединичен корисник, обврзателна употреба на заштитните средства, маски и ракавици, од страна на вработените - за пружање на услуги на отворено, како и дополнителни мерки, ограничен број на лица во просторијата, а во случај на помало растојание помеѓу корисниците на услугите со примена на стаклена, пластична или слична баријера, обврзателна дезинфекција на просторијата и подовите, обврзателна употреба на заштитните средства маски и ракавици и од корисниците на услугите – за пружање на услуги во затворен простор) во склад со одлуките на Владата на Република Србија.
2. Почнувајќи од петок 08 05 2020 година можат да ја обавуваат својата дејност на непосредна продажба на стока на купувачите и непосредно вршење на услуги во трговските центри и слични објекти во кои што се обавува дејноста на трговија на мало, како продажба на стока и вршење на услуги во локалите во кои се влегува од затворен простор, со примена на сите превентивни мерки од влијанието на безбедноста и здравјето на вработените и корисницте на услугите, а посебно оние кои се однесуваат на ширењето на заразната болест COVID – 19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 (организирање на процесот на работата кој обезбедува ограничен број на лица во просторот, одржување на социјална дистанца односно меѓусебно растојание помеѓу две лица од најмалку два метра, пружање услуги со примена на стаклена, пластична или слична баријера, обврзателна дезинфекција на просторијата и подовите, машините, алатот и уредите за работа по пружањето на услуга на секој поединечен корисник, обврзателна употреба на заштитните средства,

маски и ракавици од страна на вработените и корисниците на услуги) во склад со одлуките на Владата на Република Србија.

РЕПУБЛИКА СРБИЈА
АВТОНОМНА ПОКРАИНА ВОЈВОДИНА
ГРАД ПАНЧЕВО
ГРАДСКИ ШТАБ ЗА ВОНРЕДНИ СОСТОЈБИ
Број: II-39-82-1/2020-69
Панчево, 04 05 2020

*КОМАНДАНТ*
*Саша Павлов*